Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
MINISTRIA E TRANSFORMIMIT DIGJITAL
Бр./Nr. 04 - 1411/8
31. 08 2026 год./viti
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 45 став (1) и (2) од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) државниот секретар во Министерството за дигитална трансформација донесе

## ОДЛУКА

**за избор на кандидат по објавен јавен оглас број 513/2026 за вработување на административен службеник во Министерството за дигитална трансформација**

1. За извршител за работно место број 1. Помлад соработник за одржување на системи за регистри и интероперабилност, Одделение за управување со регистри и интероперабилност, во Сектор за информациско комуникациски системи, со шифра на работно место УПР0101В04000, се избира кандидатот **Викторија Гиноска.**
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На барање на Министерството за дигитална трансформација, Агенцијата за администрација на ден 21.06.2026 година, во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха" објави јавен оглас за вработување на еден административен службеник во Министерството за дигитална трансформација.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со решение на директорот на Агенцијата за администрација број 10-10-1674/5 од 23.07.2026 година, во функција на спроведување на постапката за вработување по објавениот јавен оглас број 513/2026 на ден 06.08.2026 година во 11:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за што состави Записник од извршена административна селекција за административен службеник број 10-1674/6 од 06.08.2026 година.

На ден 24.08.2026 година, со почеток во 11:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација, комисијата за селекција за вработување го спроведе


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

испитот за административен службеник за што состави Записник од спроведен испит за административен службеник број 10-1674/7 од 24.08.2026 година.

На ден 26.08.2026 година, со почеток во 11:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за вработување спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју за што состави Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник број 10-1674/9 од 26.08.2026 година.

Согласно доставениот Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас број 513/2026 во Министерството за дигитална трансформација, број 10-1674/10 од 26.08.2026 година, со приемен датум од 31.08.2026 државниот секретар во Министерството за дигитална трансформација донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР

Гордана Клинчарова



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk